# ИСТРАЖУВАЧКИТЕ ТЕНДЕНЦИИ ВО ОБРАЗОВАНИЕТО ВО МУЛТИКУЛТУРНИ СРЕДИНИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**Абстракт**

*Истражувачкиот интерес на овој труд е во насока да одговори на многу прашања, кои, од една страна, се однесуваат на потребата за концепциско зајакнување на релевантните чинители во сферата на образованието во Р. Македонија за негување на подобри меѓуетнички односи преку образованието, а од друга страна, пак, понудуваат можни решенија во процесот на создавање безбедна средина во училиштата. Целта на истражувањето е проценување на концепциската поставеност и ефикасноста на проектите „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“, како модели за промовирање на превенција и интервенција на училишното насилство и нивното влијание врз зајакнување на меѓуетничките односи во одбрана група на средни училишта од шест мултиетнички општини во Република Македонија и во обезбедување безбедна училишна средина.*

*Проучувањето на проблемот се врши со евалуациско истражување. Суштината на ваквиот начин на истражување се базира на потребата од анализа на концепциската поставеност на проектните модели и содржинска анализа на релевантната проектна документација. Од таа причина се наведува дека истражувањето добива и карактеристики на теоретско истражување. Заради сложената и мултиплицирана поставеност на истражуваната проблематика, приоритетно значење имаат ставовите и потребите на сите релевантни вклучени страни во процесот. Ова оди во прилог на констатацијата дека истражувањето има и емпириски карактер.Со истражувањето се претпоставува дека концепциската поставеност на проектите „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“, како модели за промовирање на превенција и интервенција на училишното насилство, позитивно влијаат врз зајакнување на меѓуетничките односи во средни училишта и во обезбедување безбедна училишна средина во средни училишта од шест мултиетнички општини во земјава.*

**Клучни зборови:** *мултикултурно образование; проектни модели; безбедни училишта; медијација меѓу врсници; евалуациско истражување.*

## Наместо вовед

Подобрувањето на квалитетот на образованието е актуелен проблем кој може да се истражува од повеќе аспекти. Воведувањето на проектите „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ под надлежност на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, имаат за цел преку образованието да имплицираат подобрување на меѓуетничките односи и да „интервенираат“ во процесот на создавање безбедна средина во училиштата, што во најгенерални рамки подразбира зајакнување и поддршка на релевантните чинители во сферата на образованието во Република Македонија.

Преку промовирањето и реализирањето на проектите за безбедни училишта и училишна медијација, се отвораат многу „прашања“ кои имаат тенденција за подобрување и зајакнување на односите во мултиетнички контекст, и проценување на ефективноста на влијанието врз сите вклучени страни.„Од одговорите“ произлегува потребата од конзистентност и континуираност на проектните модели преку нивно интегрирање во образовниот систем на национално ниво.

Ваквата теоретска втемеленост на проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“, нивната реализација во периодот 2012-2014 година, бројната педагошка документација, вклученоста и бројноста на целните групи ја наметнува потребата, а воедно и оправданоста од спроведување на евалуациско истражување.

## 1. Цел и карактер на истражувањето[1]

Целта на евалуациското истражување е проценување на концепциската поставеност и ефикасноста на проектите „Безбедни  училишта“ и „Медијација меѓу врсници“, како модели за промовирање на превенција и интервенција на училишното насилство и нивното влијание врз зајакнување на меѓуетничките односи во средните училишта и во обезбедување безбедна училишна средина.Суштината на ваквиот начин на истражување се базира на потребата од анализа на концепциската поставеност на проектните модели и содржинска анализа на релевантната проектна документација. Од таа причина се наведува дека истражувањето добива и карактеристики на теоретско истражување. Поради сложената и мултиплицирана поставеност на истражуваната проблематика, приоритетно значење имаат ставовите и потребите на сите релевантни вклучени страни во процесот. Ова оди во прилог на констатацијата дека истражувањето има и емпириски карактер.

## 2. Задачи на истражувањето

Карактерот, слоевитоста и обемноста на ваквиот вид на истражување резултира со реализирање на повеќе задачи, групирани според предвидуваните истражувачки чекори, и тоа: анализа на програмската поставеност на проектите„Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“; содржинска и функционална анализа на релевантната проектна документација (меморандуми за соработка, формативни евалуации, акциони училишни планови за безбедни училишта, проектни активности); испитување на ставовите и на образовните потреби од вклучените ученици од средните училишта; испитување на ставовите и потребите на проектните училишни тимови за безбедност, составени од: директори, помошници директори, стручни соработници, наставници и родители, како претставници од советите на родители и на училишните одбори; испитување на ставовите на релевантните субјекти вклучени во проектните активности од Одделите за превенција при МВР и од Координаторите за превенција на ниво на општина.

## 3. Општа хипотеза

Со истражувањето се претпоставува дека концепциската поставеност на проектите „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“, како модели за промовирање на превенција и интервенција на училишното насилство, позитивно влијаат врз зајакнување на  меѓуетничките односи во средните училишта и врз процесот на обезбедување безбедна училишна средина.

## 4. Методи, техники и инструменти на истражувањето

Во истражувањето се користат повеќе методи со кои се обезбедуваат квалитетни сознанија и тоа: анализа (структурална и содржинска), синтеза, дескрипција, индукција и генерализација.

За добивање релевантни податоци се користат следните техники: анализа на релевантна документација, анкетирање и интервјуирање (фокус групи). Во методолошкиот инструментариум се користат: прашалник за ученици,  прашалник за педагошката служба (стручни соработници во училиштата), прашалник за наставници, прашалник за родители, полуструктурирано интервју за водење на фокус групи за релевантни субјекти од Одделот за превенција при МВР (општини), полуструктурирано интервју за водење на фокус групи за координатори од општините и полуструктурирано интервју за водење на фокус групи за директори и помошници директори.

## 5. Примерок на истражувањето

Во истражувањето се опфатени повеќе разновидни примероци, и тоа:

5.1. Примерок на општини

Проектните модели се реализираат во 6 (шест) општини со мултиетнички состав на територијата на Република Македонија.

---

[1]Методологијата на истражувањето и резултатите кореспондираат со Извештајот од евалуацијата на проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ (2015). Скопје: Мисија на ОБСЕ во Скопје (работна неофицијална верзија)

Имајќи во предвид дека целта на проектот е да ги зајакне релевантните чинители во сферата на образованието во Македонија за негување на подобри меѓуетнички односи преку образованието и создавање безбедна средина во училиштата, основен индикатор при изборот на општините во кои се дејствува е тие да бидат мултиетнички и мултикултурни средини.

5.2. Примерок на средни училишта

Проектите се реализираат во 24 (дваесет и четири) средни училишта,и тоа: гимназиски и средни стручни училишта во општините опфатени со проектот.

5.3. Примерок на ученици

Како посебен субпримерок во проектните модели се застапени учениците од сите години односно од прва, втора, трета и четврта година, од секое средно проектно училиште. Од секоја паралелка се одредуваат по тројца ученици, кои директно се вклучени во целокупниот проектен циклус. Од сите вклучени ученици во проектните модели се прави избор на три или четири ученика кои влегуваат во училишниот тим за „Безбедни училишта". Вкупно во проектот учествувале по 272[1] ученика во секоја учебна година.

Во рамките на проектот „Медијација меѓу врсници" на ниво на училиште концептот претпоставува формирање на „клубови за медијација", кои се предводени од страна на самите ученици, кои се обучени или се планира да бидат опфатени со наредни обуки за ненасилна комуникација и медијација.

*Напомена:* Во реализација на проектните активности во наведените училишта беа вклучени меѓу 500 и 560[2]ученици (во периодот од 2012 од 2014 година).

Во истражувањето се анкетирани вкупно 356 ученика.

5.4. Примерок на стручни служби

За успешно реализирање на проектните модели неопходно е вклучувањето на стручните соработници (педагошко-психолошката служба) во училиштата. На ниво на училиште е назначен по еден претставник од оваа служба, кој во принцип ја има и улогата на училиштен координатор на проектниот тим. Во проектот се вклучени 23 (дваесет и три) стручни соработници.Напомена: Во реализацијата на проектните активности во наведените училишта сукцесивно се вклучуваат, речиси, сите членови од стручните служби (односно над 50, во периодот од 2012 до 2014 година).

Во истражувањето анкетирани се вкупно 41 член од стручната служба.

5.5. Примерок на наставници

Како посебен субпримерок во проектните модели вклучени се наставници од средните училишта. Притоа, четворица од нив се вклучени во училишните тимови од проектот „Безбедни училишта". Овие лица, освен обуките и активностите предвидени со проектот „Безбедни училишта", исто така се вклучени во реализација на проектот „Медијација меѓу врсници". Вкупно во проектот биле вклучени 332 наставника(во периодот од 2012 до 2014 година).

Во истражувањето анкетирани се вкупно 182 наставника.

5.6. Примерок на директори и помошници директори

Според концепциската поставеност на проектните модели, овој суб-примерок го сочинуваат директорите на проектните училишта, вкупно 24 (дваесет и четири). Во секое училиште се назначени неколку помошници директори, коишто во генерални рамки се запознати со проектните модели, но само еден од нив е директно вклучен во училишниот тим за „Безбедни училишта". Во евалуациското истражување интервјуирани се вкупно 6 (шест) помошници директори.

[1]Овој број се однесува на вкупниот број на ученици-членови на училишните тимови за безбедност

[2]Наведениот број на единици во проектниот субпримерок се изведува од вкупниот број ученици вклучени во активностите на проектните модели

5.7. Примерок на родители

Во проектните активности во секое средно училиште се вклучени најмалку по 4 (четири) родители, и истите се составен дел од училишниот тим за безбедни училишта. Во истражувањето се анкетирани вкупно 58 родители.

5.8. Примерок нарелевантни субјекти од Одделот за превенција при МВР на ниво на општина

На ниво на општина, Одделот за превенција при Министерството за внатрешни работи (МВР) директно е вклучен преку службени лица, како дел од работната група за „Безбедни училишта" на ниво на општина.Одделот за превенција при МВР во секоја општина, во согласност со Меморандум за соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје изработува посебна програма со предвидена динамика на активности кои се во координација со училишните проектни активности.Во истражувањето интервјуирани се вкупно 7 (седум) релевантни субјекти од Одделот за превенција при МВР на ниво на општина.

5.9. Примерок на координатори на ниво на општина

Во секоја општина во којашто се реализираат проектните модели, според претходно потпишан Меморандум за соработка со Мисијатана ОБСЕ во Скопје, се назначува по еден координатор на ниво на општината надлежен за сите училишта вклучени во проектите. Во истражувањето анкетирани се вкупно 6 (шест) координатори на ниво на општини.

**Заклучоци и препораки**

Истражувачки коректно е да се истакне дека очекувањата по однос на прашањето: Каде се случуваат насилствата (различни видови)? „одат во неочекувана насока", односно дека училницата е најпосочуваното место каде што се случуваат насилствата, спротивно од очекувањата на истражувачкиот тим дека истата би требало да биде „најсигурна" организирана единица.

Не треба да се занемари фактот кој говори дека постои несигурност кај средношколската популација по однос на ова прашање. Според анализираните податоци се наметнува заклучокот дека во иднина треба да се работи на оваа компонента од проектот, односно да се работи на зајакнување на способностите кај учениците за запознавање и препознавање на различните видови на насилство, како и нивно охрабрување во преземањето на адекватни чекори. Оваа констатација и препорака корелира со ставовите на релевантните претставници од Одделот за превенција при МВР кои сугерираат дека концептите за „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсниците" со реализација треба да отпочнат уште во раноучилишната возраст, односно уште во основно образование, со цел обезбедување на континуитет во овој процес и превенирање „со соодветната возраст".Овие податоци кореспондираат со ставовите на учениците по однос на зачестеноста на насилствата, кои аналогно се поврзуваат со чувството за лична безбедност во училиштето. Од друга страна, пак, причината за несигурноста и отсуството на личната безбедност во училиштето може да се побара во констатацијата на изјаснетите ученици според кои  насилствата се случуваат во училницата.

Истражувањето повторно актуализира прашања поврзани со првобитната концепциска поставеност на проектните модели. Имено, во вonнаставните активности, од типот: спортски натпревари и фер-плеј турнири, обуки на теми од ненасилната комуникација, организирани училишни денови посветени на ненасилството, изработка на постери, училишни клубови за медијатори и др., преку кои на креативен и непосреден начин треба да се промовираат моделите на ненасилно однесување, а активни креатори и учесници се токму учениците.

Заклучните сознанија уште еднаш ја потврдуваат хипотезата за постоење разлики во ставовите на учениците од различни општини за имплементирањето на проектните модели „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници".

Менаџерските тимови на училиштата позитивно ја оценуваат образовната поддршка од страна на Мисијата на ОБСЕ во Скопје што ја добиваат училишните тимови. Според нивните сознанија постои потреба од проценка на образовните потреби на наставниците, во сферата на мултикултурното

образование и организирање дополнителни обуки и работилници со цел зајакнување на педагошките компетенции на наставниците во гимназиското и средното стручно образование во Македонија.

Добиените податоци од директорите и помошниците директори на средните училишта одат во прилог на констатацијата дека во последните две години насилствата меѓу учениците од средношколската популација значително се намалени.Исклучок има кај вербалното насилство, кое се евидентира во секојдневниот живот, а се манифестира најчесто во училница, понатаму се детектира во јавниот сообраќај, а неколку пати во месецот ваков тип на насилно однесување се забележува и во училишниот двор. Интересен податок за анализа е порастот на физичкото насилство меѓу ученичките од женската популација, коешто не е евидентирано во последните години. Забележаните насилства се помеѓу врсници од ист етникум.

Добиените сознанија од испитуваната целна група упатуваат на заклучок, во генерални рамки, дека во последните две години „статистичкиот тренд" на пријавени насилства меѓу учениците од средношколската популација е намален. Од анализата на подносителите на пријави за насилство се констатира дека тоа најчесто го прават родителите на учениците и стручните служби од училиштата.

Една од причините за непријавување на насилството е неинформираноста и незнаењата на учениците за постапување според процедурите. Како втора причина се наведува и постоењето на страв и несигурност кај младите лица, индикатор кој треба сериозно да биде третиран од страна на релевантните институции и стручни лица. Како трета причина се наведува стравот и несигурноста во однос на откривање на нивниот идентитет и можните реперкусии доколку бидат откриени во средината.

Релевантните субјекти од Одделот за превенција при МВР на ниво на општини, малтретирањето го наведуваат како вид на насилство коешто почесто се манифестира. Притоа констатираат дека учениците од оваа популација немаат доволно развиена свест и знаења за идентификување на видовите на малтретирање кое, според својата застапеност, се вбројува во „категоријата на често".

Може да се констатира дека општините целосно се информирани и ја поддржуваат реализацијата на проектите „Безбедни училишта" и „Медијација меѓу врсници" и се во координација со проектните училишни тимови и со назначените претставници од МВР. Генерална констатација е дека општинските претставници имаат висок сензибилитет за идна поддршка, и од технички и од материјален карактер, во делот за организирање на обуки, семинари, работилници на наставниците и други активности со учениците, а поврзани со мултикултурното образование.

Релевантноста на добиените податоци оди во прилог на заклучокот на позитивното и функционално рефлектирање на „проектната мисија" врз ставовите и однесувањата на учениците и наставниците во секојдневниот живот во мултиетнички средини. Следејќи ги овие и другите податоци од истражувањето со другите целни групи, кои „вкрстено" анализирани го даваат истиот резултат, се наметнува потребата од продолжување и проширување со реализација на двата проектни модела со поширок примерок од средношколската популација, но и за симултано отпочнување со реализација и во раноучилишната возраст. Проектите превидуваат и „корпус" на обуки и работилници кои, како „меѓуцел" ја поставуваат стручната компетентност на наставниците, како еден многу значаен „елемент" во „мозаикот" на подигнување на квалитетен живот во безбедни училишни средини, со епитет - мултиетнички.

Може да се констатира дека соодносот меѓу категориите за зачестеност на насилствата меѓу учениците е во голема корелација со ставовите на средношколската популација, со што се потврдува конзистентноста на ставовите на двете испитувани групи.

Според наставниците и стручните служби, вонаставните активности придонесуваат за водење на квалитетна наставна и вонаставна „ситуација", со поддржување на континуирана комуникација меѓу учениците од различни етникуми, а на тој начин се развива моделот на „безбедни субјекти" во околината во која работат. Наставниците се изјаснуваат дека овој модел се проектира и меѓу наставниот кадар од различни етнички заедници (lifelonglearning). Овие податоци ги потврдуваат позитивните ставови на наставниците за вонаставните активности, кои резултираат од двата истражувани проектни модела.

Доколку се пристапи кон компаративна анализа на податоците добиени од испитување на ставовите меѓу наставниците и стручните служби, по однос на фреквенцијата на насилствата меѓу средношколската популација, може да се констатира дека стручните служби истакнуваат поголема зачестеност во однос на динамиката на насилствата.

Се поставува прашањето за непропорционалното учество на видовите средни училишта во проектните модели, односно две третини од проектните училиштата се дел од средното стручно образование. Препорака: Во идните фази од имплементација на проектните модели да се има во предвид пропорционалната застапеност на видовите средни училишта.

Компаративната анализа на овие податоци со податоците добиени од страна на анализираните ставови на родителите и учениците, во случајов нивните деца, укажува на фактот дека постои висок степен на корелација по однос на перцепција за нивната лична безбедност во училиштето.Добиените податоци покажуваат дека најголем дел од родителите сметаат дека „никогаш“ не забележале насилство во училиштето, а голем дел, исто така, констатирале дека „неколку пати во текот на годината“ имало насилни однесувања меѓу учениците.

Според ставовите на испитаните родители, може да се констатира дека вклучените родители пројавуваат отвореност за соработка во проектните активности. Имајќи го во предвид градењето на континуиран и конзистентен систем на воспитно дејствување, со цел подобрување на квалитетот на живот на младите и намалување на насилствата меѓу врсниците, интегрирано со препораките вклучително и субјектите од одделот за превенција при МВР на ниво на општина, се сугерира со отпочнување на проектните модели „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ да се започне од раната училишна возраст на учениците.

**References**

*Водич за безбедни училишта.*(/).Скопје: Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

Вукосављевиќ, Н. (2001).*Ненасилство.Прирачник за тренинзи од ненасилна разработка на конфликти за работа со возрасни.* (Превод: Јасмина Тодоровска). Белград: Центар за ненасилна акција.

*Извештај од евалуацијатана проектите „Безбедни училишта“ и „Медијација меѓу врсници“ во Република Македонија.* (2015). Скопје: Мисија на ОБСЕ во Скопје (работна неофицијална верзија).

*Истражувања за мислењата на родителите за квалитетот на основното образование.* (2012).OSCE.

Јованова-Стоилкова, Е., Лалчевска-Серафимовска, Б., Пауноска, В. (2013).*Сите во акција за безбедно училиште:* прирачник. Скопје: ОБСЕ.

Министерство за внатрешни работи на РМ (2011). „Реонски полицаец ќе се грижиза учениците“, http://www.utrinski.com.mk/defaut.asp?ItemID=61F5D862A6252B498C87F670FB6FA81A.

Петровска-Бешка, В., Кениг, Н. (2005). *Негативните етнички стереотипи како фактор за формирање предрасуди кај идните* воспитувачи *и одделенски наставници*. Зборник на Филозофскиот факултет- Скопје (58), 87-99.

Трикиќ, З., Коруга,Д., Врањешевиќ, Ј. и др. (2011). *Медијација меѓу врсници. Прирачник за водачи на работилници од областа на образованието за вештини на медијација*. Скопје: ForumZFD&TCMC&GTZ.

УНИЦЕФ, (2009). *Студија за иницијалната состојба со насилството во основните училишта во Македонија*. Скопје.

Ajdukovic, D&M.,Cesar, S.,Kamenov,Z.(2011).*Prevencijanasilja u mladenackimvezama*. Zagreb, 46-58.

Banks, J.A. (1999).*An Introduction to multicultural Education* (2nded.). Boston: Allyn I Bacon.

Barrere,A., Sembel, N. (1998). *Sociologie del'èducation*.Paris:Ed. Nathan.

Bennett, B., Rolheiser-Bennett, C., Stevahn, L. (1991).*Cooperative Learning*. Washington: Professional Development Associoation.

Cowie,H., Dawn,J. (2008).*Managing violence in schools*.A whole-school approach to best practice (/).

*Cross-national study of teaching and learning (Data collection workshop).*(2001).American Institutes for Research.Washington DC: Pelavin research Center.

*Developments in Learning and Assessment,* (eds. M., P., M. Bob), (1999). Washington, DC: Hodder & Stoughton with the Open University.

Gašić-Pavišić, S. (2004). *Mere I programi za prevencijunasilja u školi*. U Zbornikubroj36. Instituta za pedagoškaistraživanja Beograd: Institut za pedagoškaistraživanja, 168-178.

Isić, U. (2010).*Vršnjačkamedijacija: Vodičzapedagoge i psihologe*. Bosna i Hercegovina: OSCE.

Milat,J. (2001).*Značenje humanističkog obrazovanja za razvojmultikulturalizma.* Split: Filozofskifakultet.
Olweus, D. (1993). *Bullying at school: What we know and what we can do.* Oxford: Blackwell.
Perotti, A. (1994).*The Impact of the Council of Europe's Recommendations on Intercultural Education in European School Systems*. European Journal of Intercultural Studies 5 (1) 9-17.
Popadić, D. (2009). *Nasilje u školama.*Beograd: Institut zapsihologiju, UNICEF.
Smith, P. (2006).*„Lalute contre la violence á l 'ècole: unperspectiveeuropèene",en: Rèduction de la violence á l 'ècole – unguided pour le changement*.Strasbourg Cedex: Editiondu Conseil del' Europe.
Stajić, LJ., Miljković, S., Stanarević, S. (2006). *Bezbednosna kultura mladih: kako živjeti bezbedno*. Beograd: Draganić
*Survey of parental views on primary education.*(2012).Skopje: OSCE.
Tofovic-Kamilova, M., Tomevska-Ilievska, E., Sejdini, M. (2013).'*Electoral status of the Albanian language in primary education*'.16th Conference of Balkan Society for Pedagogy and Education."The image of the "Other"/the Neighbour in the Education Systems of the Balkan Countries".University of Macedonia, Thessaloniki.
UNESKO *Guidelines on Intercultural Education,* Educational Sector UNESKO(ED-2006/WS/59)-CLD 29366, Paris.
Vidović, S., Radanović, M. (2004).*Spremno u sukobe-recepti za bolje bavljenje sobom,drugima,međusobnim odnosima i konfliktima,* Beograd: GTZ (Nemačka organizacija za tehničku saradnju).
Vidović, S., Radanović, M. (2009*). Priručnik za učenike osnovne škole za veštine medijacije: Osnovac medijator.* Beograd: GTZ (Nemačka organizacija za tehničku saradnju). &Ministarstvo omladine i sporta Republike Srbije.